Телефон: + 38946511000
Телефакс: + 38946511567
www.uist.edu.mk

Партизанска бб
6000 Охрид
Република Македонија

Бр. 02-503/7
Охрид, 7.7 2025 год.

Врз основа на член 173, став 2 во врска со член 166 став 3 и член 175, став 2 од Законот за високото образование („Службен весник" бр. 82/2018 и „Службен весник" бр. 154/2019, 178/2021 и 58/2024) и член 4 и член 37, став 2 од Правилникот за посебните услови и постапката за избор во наставно-научни, научни, наставно-стручни, соработнички звања и демонстратори на Универзитетот за информатички науки и технологии „Свети Апостол Павле" Охрид, Сенатот на Универзитетот за информатички науки и технологии „Свети Апостол Павле" Охрид, на седница одржана на ден 07.07.2025 година ја донесе следната

О Д Л У К А
за потврдување на избор
во наставно-научно звање редовен професор

1. **СЕ ПОТВРДУВА изборот на д-р Анета Велкоска во наставно-научно звање редовен професор**, од научна област Математика (1.01.00.01) на Факултетот за комуникациски мрежи и безбедност при Универзитетот за информатички науки и технологии „Свети Апостол Павле" Охрид, извршен со Одлука за избор во наставно – научно звање редовен професор, арх. бр. 13-43/2 од 30.06.2025 година.
2. Со потврдувањето на изборот во наставно-научно звање редовен професор, д-р Анета Велкоска **заснова работен однос на неопределено време и го задржува звањето редовен професор доживотно.**
3. Одлуката стапува на сила со денот на донесувањето, а ќе се применува од 03.10.2025 година.

О б р а з л о ж е н и е

Наставно-научниот совет на Факултетот за комуникациски мрежи и безбедност при Универзитетот за информатички науки и технологии „Свети Апостол Павле" Охрид, на седница одржана на ден 30.06.2025 година, донесе Одлука за избор во наставно – научно звање редовен професор, арх. бр. 13-43/2 од 30.06.2025 година за избор на д-р Анета Велкоска во наставно-научно звање редовен професор, од научна област Математика (1.01.00.01) на Факултетот за комуникациски мрежи и безбедност при Универзитетот за информатички науки и технологии „Свети Апостол Павле" Охрид, по распишан Конкурс, објавен на ден 23.04.2025 година, во дневните весници „Вечер" и „Коха", согласно Одлука за распишување конкурс, арх. бр. 13-35/1 од 24.03.2025 година.

Согласно член 173 став 2 од Законот за високото образование („Службен весник" бр. 82/2018 и „Службен весник" бр. 154/2019, 178/2021 и 58/2024) и член 4 и член 37, став 2 од Правилникот за посебните услови и постапката за избор во наставно-научни, научни, наставно-стручни, соработнички звања и демонстратори на Универзитетот за

информатички науки и технологии „Свети Апостол Павле“ Охрид, изборот на редовен професор извршен од страна на наставно-научниот совет на факултетот, го потврдува сенатот на универзитетот. Согласно член 175 став 2 од Законот за високото образование („Службен весник“ бр. 82/2018 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 154/2019, 178/2021 и 58/2024) редовниот професор на факултет, со изборот заснова работен однос на неопределено време и го задржува звањето редовен професор доживотно.

Сенатот на Универзитетот, на седница одржана на 07.07.2025 година, по разгледување на документацијата, констатира дека избраниот кандидат д-р Анета Велкоска ги исполнува условите за избор во редовен професор утврдени со „Законот за високото образование“ и со „Правилникот за посебните услови и постапката за избор во наставно-научни, научни, наставно-стручни, соработнички звања и демонстратори“ на Универзитетот. Сенатот констатира и дека постапката е спроведена во целост согласно законските рамки односно дека не е сторена повреда на постапката за избор.

Од горенаведените причини, едногласно беше донесена одлука за потврдување на изборот на д-р Анета Велкоска во наставно-научно звање редовен професор.

Со изборот во наставно-научно звање редовен професор, д-р Анета Велкоска заснова работен однос на неопределено време и го задржува звањето редовен професор доживотно.

Оваа Одлуката стапува на сила со денот на донесувањето, а ќе се применува од 03.10.2025 година односно по истекот на претходниот избор во звањето вонреден професор.

Претседател на универзитетскиот сенат,

проф. д-р Нинослав Марина

Доставено до: Архива
д-р Анета Велкоска

Изготвил: Јорданка Цветкоска Атанасова, раководител на Одделение за општи и правни работи
Одобрил: д-р Љубица Топузовска, генерален секретар

Телефон: +38946511000
Факс: +38946511567
www.uist.edu.mk

Партизанска бб.
6000 Охрид
Република Северна Македонија

Бр. 13-43/2
Охрид, 30.6 2025 год.

Врз основа на член 110 став 1 точка 8, член 166, член 175 став 2 од Законот за високото образование („Службен весник на Република Македонија“, бр. 82/2018) и („Службен весник на Република Северна Македонија“, бр.154/2019, 178/2021 и 58/2024) и член 37 од Правилникот за критериумите и постапката за избор во наставно-научни, научни, наставно-стручни, соработнички звања и демонстратори на Универзитетот за информатички науки и технологии „Свети Апостол Павле“ Охрид, наставно-научниот совет на Факултетот за комуникациски мрежи и безбедност при Универзитетот за информатички науки и технологии „Свети Апостол Павле“ Охрид, на седница одржана на ден 30.06.2025 година ја донесе следната

О Д Л У К А
за избор во наставно- научно звање редовен професор

1. СЕ ИЗБИРА **д-р Анета Велкоска** во наставно – научно звање редовен професор од научна област Математика (1.01.00.01) на Факултетот за комуникациски мрежи и безбедност при Универзитетот за информатички науки и технологии „Свети Апостол Павле“ Охрид.
2. Со изборот во наставно – научно звање редовен професор, д-р Анета Велкоска **заснова работен однос на неопределено време и го задржува звањето редовен професор доживотно**.
3. Одлуката стапува на сила по потврдување на изборот во наставно – научно звање редовен професор од страна на Сенатот на Универзитетот за информатички науки и технологии „Свети Апостол Павле“ Охрид, а ќе се применува по истекот на претходниот избор во вонреден професор, односно од 03.10.2025 година.

О б р а з л о ж е н и е

Универзитетот за информатички науки и технологии „Свети Апостол Павле“ Охрид распиша јавен конкурс, арх. бр. 04-316/1 од 28.03.2025 година, за избор на наставник во сите наставно-научни звања од научна област Математика (1.01.00.01) од класификацијата на научно-истражувачките подрачја, полиња и области според Меѓународната фраскатиева класификација, објавен на 28.03.2025 година во дневните весници „Вечер“ и „Коха“, согласно Одлука за распишување конкурс, арх. бр. 13-35/1 од 24.03.2025 година.

На конкурсот за избор на наставник од научна област Математика (1.01.00.01) од класификацијата на научно-истражувачките подрачја, полиња и области според Меѓународната фраскатиева класификација се пријави д-р Анета Велкоска.

Во согласност со член 173 од Законот за високото образование наставно-научниот совет на Факултетот за компјутерски науки и инженерство со одлука арх. бр. 13-36/2 од 22.04.2025 година, именува рецензентска комисија во состав:

- **Проф. д-р Никита Шекутковски**, редовен професор во пензија на Институт за математика, Природно-математички факултет при Универзитет „Св. Кирил и Методиј" Скопје - Претседател на комисија;
- **Проф. д-р Татјана Атанасова - Пачемска**, редовен професор на Факултетот за информатика при Универзитет „Гоце Делчев" Штип – член на комисија;
- **Проф. д-р Бети Андоновиќ** - редовен професор на Технолошко – металуршки факултет при Универзитет „Св. Кирил и Методиј" Скопје – член на комисија;

Рецензентската комисија достави реферат арх. бр. 04-384/2 од 09.06.2025 година со заклучок и предлог до наставно – научниот совет да го избере кандидатот д-р Анета Велкоска во наставно-научно звање редовен професор со вкупно 239.032 поени од наставно-образовна, научно-истражувачка и стручно-апликативна дејност.

Рефератот беше објавен во „Билтен", бр.1 (јуни 2025) арх. бр. 17-465/1 на Универзитетот за информатички науки и технологии „Свети Апостол Павле" Охрид, од ден 09.06.2025 година.

Членовите на наставно – научниот совет на Факултетот за комуникациски мрежи и безбедност во согласност со Законот за високото образование и Правилникот за критериумите и постапката за избор во наставно-научни, научни, наставно-стручни, соработнички звања и демонстратори на Универзитетот за информатички науки и технологии „Свети Апостол Павле" Охрид откако ја разгледаа целокупната документација по објавениот конкурс констатираа дека се исполнети условите за избор на наставник во наставно-научно звање редовен професор и одлучија да го прифатат предлогот на рецензентската комисија и донесоа одлука како во диспозитивот.

Декан

Вонр. проф. д-р Анета Велкоска

Доставено до: Архива
Персонално досие
Д-р Анета Велкоска
Сенат

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
УНИВЕРЗИТЕТ ЗА ИНФОРМАТИЧКИ НАУКИ И ТЕХНОЛОГИИ
"СВЕТИ АПОСТОЛ ПАВЛЕ" - ОХРИД

Примено: 9.6.2025			
Орг. Един.	Број:	Прилог.	Вредност:
04	3842		

Р Е Ф Е Р А Т

ЗА ИЗБОР НА ЕДЕН НАСТАВНИК ВО СИТЕ НАСТАВНО-НАУЧНИ ЗВАЊА ОД НАУЧНАТА ОБЛАСТ МАТЕМАТИКА НА ФАКУЛТЕТОТ ЗА КОМУНИКАЦИСКИ МРЕЖИ И БЕЗБЕДНОСТ ПРИ УНИВЕРЗИТЕТОТ ЗА ИНФОРМАТИЧКИ НАУКИ И ТЕХНОЛОГИИ "СВЕТИ АПОСТОЛ ПАВЛЕ" – ОХРИД, РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Со одлука бр. 13-36/2 од 22.04.2025 година донесена на седница на Наставно-научниот совет на Факултетот за комуникациски мрежи и безбедност при Универзитетот за информатички науки и технологии „Свети Апостол Павле", Охрид (УИНТ) одржана на 22.04.2025 година, врз основа на распишаниот конкурс во дневните весници "Вечер" и "Коха", како и на веб-страната на Унизерзитет за Информатички Науки и Технологии „Св. Апостол Павле"- Охрид, се формира Рецензентска комисија за избор на 1 (Еден) наставник во сите наставно-научни звања, во научна област математика (1.01.00.01) во состав:

- Проф. д-р Никита Шекутковски, редовен професор на Природно математичкиот факултет при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" Скопје, претседател
- Проф. д-р Татјана Атанасова Пачемска, редовен професор на Факултетот за информатика при Универзитет „Гоце Делчев" - Штип, член
- Проф. д-р Бети Андоновиќ, редовен професор на Технолошко-металуршки факултет во Скопје при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" Скопје, член

По разгледувањето на пријавите и поднесената документација, Рецензентската комисија во погоре споменатиот состав на Наставно-научниот совет на Факултетот за комуникациски мрежи и безбедност при Универзитетот за информатички науки и технологии „Свети Апостол Павле" Охрид, му го поднесува следниот

И З В Е Ш Т А Ј

На објавениот конкурс во дневните весници дневните весници „Вечер" и „Коха", , за избор на еден наставник во сите наставно-научни звања, во научна област 1.01.00.01 – Математика, со валидна пријава и квалификации, согласно општите услови утврдени со Законот за работните односи, Законот за високото образование и Правилникот за критериумите и постапката за избор во наставно-научни, научни, наставно-стручни и соработнички звања на на Универзитетот за информатички науки и технологии „Свети Апостол Павле" Охрид, како и посебните услови утврдени во Конкурсот за избор на наставник во сите наставно-научни звања, се пријави еден кандидат и тоа: д-р Анета Велкоска вонреден професор на Факултетот за комуникациски мрежи и безбедност при Универзитетот за Информатички Науки и Технологии „Св. Апостол Павле" – Охрид.

Кандидатот д-р Анета Велкоска со пријавата ги приложила сите потребни документи наведени во конкурсот, како и дополнителни документи со кои ги потврдува нејзините научно/истражувачки, образовни и апликативни активности.

Врз основа на поднесената пријава, како и според приложените документи, Рецензентската комисија го констатира следново:

БИОГРАФСКИ ПОДАТОЦИ

Вон. проф. д-р Анета Велкоска е родена на 10.08.1977 во Охрид. Основно образование завршува во ОУ „Христо Узунов", Охрид, во 1992, а средно образование завршува во Природно-математичка гимназија „Св. Климент Охридски", Охрид во 1996. Покажува посебен интерес за предметот математика и успешно учествува на натпреварите по математика. На Регионалните натпревари по математика во Македонија во 1990, 1991 и 1992 добива прва награда, додека во 1991 добива втора награда на Републичкиот натпревар по математика во Македонија и пофалба на Државниот натпревар по математика во СФРЈ.

Се запишува на студии по математика, насока теоретска математика на Институт по математика на Природно-математичкиот факултет, Универзитет „Св. Кирил и Методиј" – Скопје и дипломира во 2002, со просечна оцена 9,33. Титулата Магистер по Математички Науки ја добива во 2009, на студиите по теоретска математика (просечна оцена 10) на Институтот по математика на Природно-математички факултет, Универзитет „Св. Кирил и Методиј" – Скопје, со одбрана на магистерскиот труд со наслов „Кохомологија на диференцијални форми и Теорема на Де Рам".

Титулата Доктор по Математички Науки ја добива во февруари 2015, на студиите по теоретска математика на Институтот по математика на Природно-математички факултет, Универзитет „Св. Кирил и Методиј" – Скопје, со одбрана на докторската дисертација со наслов „Пунктиран внатрешен облик, споредба со внатрешен облик и примена".

Во 2004 година кандидатката е избрана за демонстратор во областа математика на ФЕИТ пр Универзитет Св. Кирил и Методиј, Скопје. Во периодот од 2006 до 2011 година кандидатката е избрана во звање Асистент во областа Математика Европскиот Универзитет во Скопје. Во 2011 година кандидатката е избрана за соработник при УИНТ „Св. Апостол Павле", Охрид.

Во 2015 година кандидатката е избрана за истражувач во научното звање Научен Соработник во научната област Математика на Факултетот за комуникациски мрежи и безбедност при УИНТ „Св. Апостол Павле", Охрид.

Во Октомври 2020 година кандидатката е избрана за наставник во наставно-научното звање Вонреден Професор во научната област Математика на Факултетот за комуникациски мрежи и безбедност при УИНТ „Св. Апостол Павле", Охрид.

Од почетокот на својата научна карирера, кандидатот учествувал на повеќе меѓународни семинари, конференции и школи, каде презентирал свои трудови од областа на

математиката и компјутерско информациските науки. Воедно кандидатот има објавено и неколку трудови во меѓународни научни списанија од областа на математика и компјутерско информациските науки.

НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ

Од 2004 година кандидатката вон. проф. д-р. Анета Велкоска работи во високообразовните институции во земјата, прво како демонстратор на ФЕИТ при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј"- Скопје, од 2006 до 2011 како асистент на Прв Приватен Европски Универзитет Р. Македонија, а од 2011 до 2015 како асистент на УИНТ „Св. Апостол Павле", Охрид. ВО 2015 кандидатката е избрана за научен соработник, звање кое согласно член 183 од ЗВО е еквивалентно на звањето Доцент, при што држи предавања и вежби по повеќе предмети на прв и втор циклус студии. Од 2020 година, кандидатот е избрана за вонреден професор, при што држи предавања и вежби по повеќе предмети на прв и втор циклус студии на сите единици на Универзитетот за информатички науки и технологии „Св. Апостол Павле", Охрид.

Во изминатите последни пет години, кандидатката на УИНТ држела предавања и вежби на прв циклус студии по следните предмети:

1. Математика 1
2. Технологии за обработка на податоците преку облак
3. Математика 2
4. Социјални мрежи
5. Веројатност и статистика
6. Стохастички процеси
7. Теорија на графови
8. Проектен менаџмент

Во изминатите последни пет години, кандидатката на УИНТ држела предавања на втор циклус студии по следните предмети:

1. Архитектура на апликации и сервиси во облак
2. Напредни стохастички процеси (моделирање, симулација и анализа)
3. Обработка на податоци во облак
4. Напредни пресметки во облак
5. Математика на големи социјални мрежи
6. Одлучување засновано на податоци
7. Анализа на големи социјални мрежи

Во текот на својата академска кариера, вон. проф. Анета Велкоска се има истакнато со активно учество во наставно-научни активности и процеси на евалуација и менторство. Таа

била ментор на девет дипломски трудови, демонстрирајќи континуирана посветеност во насочувањето и развојот на студентите при нивната завршна фаза на студии. Покрај тоа, учествувала како член на комисија за оцена и/или одбрана на различни нивоа на академски трудови, и тоа: еднаш на докторска дисертација, четири пати на магистерски трудови, како и единаесет пати на дипломски трудови.

Во доменот на универзитетските публикации, е автор на универзитетски учебник насловен Mathematical Statistics with examples in R, кој е позитивно рецензиран и издаден од Универзитетот за информатички науки и технологии (УИНТ) во 2025 година. Овој учебник претставува значаен придонес во полето на применетата статистика, со акцент на употребата на програмскиот јазик R.

Понатаму, како коавтор се јавува и на позитивно рецензирана збирка задачи Објектно-ориентирано програмирање преку пракса: Збирка на Проблеми со решенија во Јава, издадена од УИНТ во 2025 година, со што придонесува кон практичното изучување на објектно-ориентираните концепти.

Дополнително, остварила и рецензентска улога на два универзитетски учебника: Вовед во програмирање преку примери (УИНТ, 2022) и Диференцијално и интегрално сметање I (на функции од една променлива) (УКИМ, 2023), со што потврдува активна вклученост и во процесите на обезбедување квалитет на наставните материјали.

НАУЧНО-ИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ

Главно подрачје на научен интерес на д-р Анета Велкоска се Алгебарска топологија, Теорија на Информации, Веројатност и Статистика и Социјални мрежи.

Во овој извештаен период, д-р Анета Велкоска, како автор или коавтор ги има објавено следниве трудови:

1) E. Durmishi, Z. Misajleski, A. Velkoska, Totally weakly chain separated sets in a topological space, Kragujevac Journal of Mathematics, Vol. 47(7) (2023), 1075-1086;
   Во овој труд се разгледуваат тополошки простори преку покривачи и користење на поимот верига, со кои во претходни трудови е воведен поимот сврзаност. Најпрво се даваат карактеризации на целосно разделени простори, придружени со примери, анализа на нивните својства и нови докази. Понатаму, се воведуваат нови поими: целосно слабо верижно разделени и целосно верижно разделени множества во тополошки простор. Се истакнуваат нивните карактеристики и меѓусебни врски, а преку тие нови поими се даваат и карактеризации на дискретни и целосно разделени простори.

2) Zoran Misajleski, Daniel Velinov, Aneta Velkoska, Method For Solving System Of Linear Equations mxn, m=1, 2, 3; Based On Its Geometrical Interpretations; Pedagogika-Pedagogy Volume 96, Number 2s, 2024

Во овој труд, преку геометриска класификација на типови линеарни равенки и системи од две равенки, се разработува метод за решавање на системи на линеарни равенки. Анализата е насочена кон системи што се сведуваат на квадратно уреден систем од втор или трет ред, каде што сите детерминанти се еднакви на нула. Дополнително, се разгледува и методолошкото значење на предложениот метод.

3) Z. Misajleski, A. Velkoska, E. Durmishi, Chain Separatedness In A Family Coverings Space, Matematichki Bilten 2024

Во овој труд се извршува генерализација на различни видови на разделеност и синџир-разделеност кај тополошки простори, со проширување на овие поими на поширок поим - простор со фамилија на покривања. Овој тип простор е поопшт од тополошкиот простор и се состои од множество и фамилија на негови покривања.

4) . Mechkaroska, E. Domazet, E. Kica, A. Feta, A. Velkoska, IoT and IoT Blockchain Market Analyzes and Benefits in Europe, AIP Conference Proceedings, Volume 3063, Issue 1, 2024

Трудот го разгледува користењето на Blockchain технологијата како решение за предизвиците на IoT, како што се безбедноста, приватноста и транспарентноста. Се прикажуваат начини на кои Blockchain може да се користи во IoT апликации за сигурно и децентрализирано управување со податоци.

5). Shekutkovski, Z. Misajleski, A. Velkoska, and E. Durmishi, Weakly chain separated sets in a topological space, Mathematica Montisnigri, LII-1 (2021)

Во овој труд се воведува поимот слабо верижно разделени парови множества во тополошки простор. Се покажува дека ако две множества се верижно разделени, тогаш се и слабо верижно разделени, но не и обратно. Преку примери и анализа се истражуваат својствата на овие множества. Дополнително, се даваат критериуми за препознавање на целосно разделени и дискретни простори преку слаба и обична верижно разделеност. Исто така, се предлага нов и подобар критериум за верижно поврзаност на множества, базиран на слаба верижно разделеност.

6) I. Mitreska, A. Velkoska, D. C. Bogatinoska and A. Hristov, COVID-19 Pandemic Management: A Cloud-Based Electronic Health Record System, Advanced Research in Technologies, Information, Innovation and Sustainability, Advanced Research in Technologies, Information, Innovation and Sustainability from the book series Communications in Computer and Information Science, Springer Cham, Softcover ISBN 978-3-031-83206-2, Published: 13 March 2025, eBook ISBN 978-3-031-83207-9, Published: 12 March 2025

Оваа книга е дел од серијата Communications in Computer and Information Science (CCIS, том 2345). Таа содржи научни трудови од областа на компјутерските и информатичките науки, со фокус на современи истражувања и примени. А на еден од нив е и коавтор кандидатката др. Анета Велкоска.

7) A. Velkoska, A. Hristov, Social Media Use by Businesses, ICT Conference Proceedings, 2024

Овој труд го истражува влијанието на социјалните медиуми врз бизнис-секторот во Европа, нагласувајќи ја нивната улога како клучна алатка за маркетинг, вмрежување и интеракција со потрошувачите. Преку анализа на дигиталните трендови, се покажува како социјалните медиуми станале неопходни за градење на бренд, подобрување на клиентските односи и поттикнување иновации.

8) Z. Misajleski, E. Durmishi, A. Velkoska, Chain connected set in a space, Proceedings of the CODEMA 2022, (2023)

Овој труд претставува генерализација на поимите сврзаност и верижна сврзаност за подмножество на тополошки простор, составени при што се разгледуваат неговите покривања во тополошкиот простор. Се дефинираат нови поими за сврзаност и верижна сврзаност, како и верижни компоненти, при што се анализираат нивните својства, но и се даваат нови резултати применливи и за сврзаност на тополошки простор.

9) Z. Misajleski, D. Velinov, A. Velkoska, Classifications Of Systems Of Linear Equations Based On Its Geometrical Interpretations, Proceedings of the Codema 2020, (2021)

Овој труд дава класификација на системи од 1, 2 и 3 линеарни равенки, заснована на нивната геометриска интерпретација. Претставена е и идеја за проширување на класификацијата на произволен број равенки, при што се докажува дека сите класи се поткласи на трите класи определени според генерализираното Крамерово правило.

Во овој извештаен период, д-р Анета Велкоска има учествувано на следниве научни собири

- A. Velkoska, Higher order proximate groups, International conference on Topology and its applications, ICTA 2024
- A. Velkoska, Derivatives of Multivariate Real Functions Without Limits and Differential Forms on Tangentially Locally Linearly Independent Sets, 8th Macedonian Workshop on Graph Theory and Applied Mathematics, 2024ф
- Z. Misajlesk:i, D. Velinov, A. Velkoska, Method For Solving System Of Linear Equations mxn, m=I, 2, 3; Based on Its Geometrical Interpretations, 10th JuЬilee lnternational Conference of FMNS, Blagoevgrad, 2023, Book of abstracts.
- Z. Misajleski, E. Dunnishi, A. Velkoska, Product of chain connected sets in a space, 2nd JOINT MATHEMATICAL MEETING OF SERBIA AND MONTENEGRO, pg.25, 2023 - Abstracts.
- Z. Misajleski, E. Durmishi, A. Velkoska, Chain connected set in a space, CODEMA 2022, pg.18, Book of abstracts.

Анета Велкоска е активен истражувач со ангажман во рецензирање на научни трудови од областа на менаџмент и нови технологии, меѓу кои трудови за криптовалути и лидерство. Таа е и учесник во националниот научен проект „Дигитална трансформација водена од вештачка интелигенција во паметни производни системи", финансиран од Министерството за економија и труд (2024–2025).

СТРУЧНО АПЛИКАТИВНА ДЕЈНОСТ И ДЕЈНОСТИ ОД ПОШИРОК ИНТЕРЕС

Кандидатката вон. проф. д-р Анета Велкоска има значајна стручна апликативна дејност и дејности од поширок интерес, насочени кон унапредување на високото образование и научноистражувачката работа. Таа е координатор во подготовката на елаборат за нова студиска програма од трет циклус студии, активно учествува во промотивните активности на УИНТ низ повеќе средни училишта и настани во земјата, како и на отворените денови на универзитетот и едукативни саеми.

Во рамки на дејностите од поширок интерес, Велкоска е уредник на меѓународното научно-стручно списание Journal of UIST (од 2023), член на програмскиот одбор на меѓународни конференции и соработник на меѓународни проекти. Таа е избрана декан на Факултетот за компјутерски науки и инженерство за два мандатни периода (2022–2025 и 2025–2028), а исто така била и член на Универзитетскиот сенат и повеќе универзитетски и факултетски комисии, вклучувајќи комисии за настава, признавање на кредити, самоевалуација, издавачка дејност, промоција и спроведување на уписи и избори.

Вон. проф. д-р Анета Велкоска учествува и во неколку работни групи на COST акциите 6G PHYSEC и Being_WISE. Сето ова сведочи за нејзината силна посветеност кон развојот на академската заедница и општеството во целина.

ОБРАЗЕЦ КОН ИЗВЕШТАЈОТ ЗА ИЗБОР ВО НАСТАВНО-НАУЧНО ЗВАЊЕ

Во прилог го доставуваме образецот 1, во кој се покажува исполнетоста на општите услови за избор во наставно-научно звање, како и образецот 2 во кој подетално се објаснува бодувањето на кандидатот. Кандидатот д-р Анета Велкоска има вкупно 239,032 поени и тоа: за наставно-образовна дејност 134,896; за научно-истражувачка дејност 56,636 и за стручно апликативна дејност 47,5 поени.

р.бр.	Професионални референци на кандидатот за избор во звање	Поени
1	НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ	134,896
2	НАУЧНО-ИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ	56,636
3	СТРУЧНО-АПЛИКАТИВНА ДЕЈНОСТ	47,5
	ВКУПНО:	239,032

ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ

Врз основа на претходно изнесеното, може да се заклучи дека кандидатката д-р Анета Велкоска во изминатиот период успешно ги извршува работните задачи како вонреден професор од областа математика на Факултетот за Комуникациски мрежи и безбедност при Универзитетот за информатички науки и технологии „Свети Апостол Павле" во Охрид. Објавените научни и стручни трудови во меѓународни референтни списанија и зборници од домашни и меѓународни конференции, како и учествувањето во различни научни и стручни собири, меѓународни и национални проекти се доказ и за нејзината плодна научно-истражувачка работа. Нејзините научно истражувачки резултати покажуваат дека кандидатката поседува оригиналност и истражувачки дух што ѝ овозможуваат континуирано да се развива како одличен научен истражувач. Многубројните активностите во стручно-апликативната дејност покажуваат и за нејзината сестрана природа и способност за тимска работа.

Рецензентската комисија со задоволство констатира дека кандидатката има значајни резултати во наставата и науката, како и високо ниво во едукативно-педагошката и научно-истражувачката работа. Комисијата позитивно ја оценува наставната и научната активност на д-р Анета Велкоска и смета дека се исполнети условите д-р Анета Велкоска да биде избрана во звањето редовен професор.

